Бр: 03-227/2
Скопје: 30.12.2020

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), а во врска со доставената Информација за изменување и дополнување на Договорот за основање на енергетската заедница од страна на Министерството за економија бр. 12-7296/1 од 10.12.2020 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 30.12.2020 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Информацијата доставена од страна на Министерството за економија за изменување и дополнување на Договорот за основање на енергетската заедница бр. 12-7296/1 од 10.12.2020 година (Наш бр. 03-227/1 од 18.12.2020 година)заедно со 4-те процедурални акти кои се составен дел на Информацијата, и тоа:

1. Процедурален акт бр. 2020/4 MC-EnC за употреба на казнени плаќања според нацрт член 92 од Договорот за основање на енергетската заедница (EnCS);

2. Процедурален акт бр. 2020/5 / MC-EnC за воспоставување метод за пресметување на казнени плаќања според член 92 од Договорот за основање на енергетската заедница (EnCS);

3. Процедурален акт бр. 2020/2 / MC-EnC за размена на информации и соработка меѓу Европската Комисија, Секретаријатот и договорните страни во областа на усогласеност со обврските од Договорот и механизмот за реципроцитет (ЕУ) и

4. Процедурален акт бр. 2020/3 / MC-EnC за соработка меѓу властите во областа на усогласеност со член 18 од Договорот (EnCS)

Комисијата за заштита на конкуренцијата ги разгледа и за Процедуралниот акт под реден бр. 4 за соработка меѓу властите во областа на усогласеност со член 18 од Договорот, **не се согласува** во делот на предложените решенија во член 3 од истиот, а кои се во следна предложена форма:

**„(1) Националните ограни го известуваат Секретаријатот на Енергетската Заедница и Европската Комисија за билокаква финална драфт одлука во врска со спроведување на забраните утврдени во членовите 18 и 19 од Договорот (и почитувајќи ги националните одредби за транспонирање на членовите 18 и 19 од Договорот во националното право), пред нивно донесување. Секретаријатот на Енергетската Заедница и Европската Комисија ќе ја испитат нивната усогласеност со acquis на конкуренцијата и државната помош и ќе дадат мислење до националните органи за спроведување во рок од максимум четири недели. Овој временски период може да се скрати во случај на оправдано (образложено)**

**барање од страна на националниот орган или да се пролонгира (продолжи)во случај на повторно оправдано барање од страна на Секретаријатот на Енергетската Заедница и/или Европската Комисија. Секретаријатот на Енергетската Заедница и/или Европската Комисија можат да побараат од националните органи дополнителни информации потребни за проценка. Националните органи треба да ги земаат предвид ваквите мислења. Кога финалната одлука отстапува (се разликува) од ваквите мислења, националните органи треба да обезбедат и да го објават заедно со оваа одлука и образложението на донесената одлука.**

**2. Националните органи доставуваат било каква конечна одлука донесена во врска со спроведувањето на забраните утврдени во членовите 18 и 19 од Договорот (и соодветните национални одредби за транспонирање на членовите 18 и 19 од Договорот во националното право) без непотребно одложување до Секретаријатот на Енергетската Заедница и Европската Комисија. Тие можат да ги обезбедат овие информации во сумиран формат, врз основа на образец што ќе го дефинира Европската Комисија.**

**3. Договорените страни ќе обезбедат информираност на Секретаријатот на Енергетската Заедница и Европската Комисија за било кој предлог закон или регулаторен акт за областа опфатена со членовите 18 и 19 од Договорот.**

Ваквите предложени решенија, а особено предлозите од ставот (1) на овој член, за Комисијата за заштита на конкуренцијата се неприфатливи заради фактот што се навлегува во надлежноста, самостојноста и независноста на самата Комисија која и се гарантира со закон. Имено, според член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор на секој облик на државна помош. Од ова законско решение произлегува дека Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор и на државната помош која евентуално би се доделила од страна на давателите на државната помош во енергетскиот сектор. Со ваквите предлози во овој Процедурален акт, такво својство му се дава на Секретаријатот на Енергетската Заедница/Европската Комисија во соднос со Договорените страни (државите потписнички на Договорот за основање на енергетската заедница).

Комисијата за заштита на конкуренцијата исто така смета дека предложените предлози во горенаведениот Процедурален акт навлегуваат и во самостојноста и независноста на самата Комисија во однос на Законот за заштита на конкуренцијата. Имено, во член 26 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) е наведено дека „Комисијата за заштита на конкуренцијата е самостоен државен орган со својство на правно лице„ и дека „Комисијата за заштита на конкуренцијата е независна во своето работење и во донесувањето на одлуките во рамките на надлежностите определени со овој закон„.

Во процесот на изменување и дополнување на Договорот за основање на енергетската заедница се предлагаа вакви предлози да бидат дел и во самиот член 18 од Договорот, при што Комисијата за заштита на конкуренцијата со Мислење бр.03-13/4 од 19.03.2019

година се произнесе негативно токму заради горенаведените причини. Во текот на овој процес, во зависност од добиените предлози за изменување и дополнување на Договорот, Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе и други мислења (03-42/2 од 28.02.2017 година, 03-13/2 од 28.01.2019 година, 03-13/4 од 19.03.2020 година и 03-135/2 од 07.05.2019 година). Ваквите предлози кои првично беа со намера да бидат дел од член 18 од Договорот за основање на енергетската заедница, според Комисијата за заштита на конкуренцијата, сега се предлагат да бидат дел од горенаведениот Процедурален акт, што за Комисијата за заштита на конкуренцијата е неприфатливо. Ваквите предлози од овој Процедурален акт се различни и од предложената верзија на член 18 за изменување и дополнување на Договорот за основање на енергетската заедница заради фактот што со него се овозможува на националниот орган на договорените страни самостојно да донесува одлука/решение во врска со мерките за државна помош и заштита на конкуренцијата во областа на енергетиката, без обврска истиот претходно во драфт верзија да го достави до Секретаријатот на Енергетската Заедница или Европската Комисија. Според Комисијата за заштита на конкуренцијата вака предложените решенија во Процедуралниот акт се во спротивност со независноста на националните органи/Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на траењето и процесуирањето на одреден случај од областа на енергетиката и воедно со самиот Договор за основање на енергетската заедница.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**